Миле МИХАЈЛОВ

# ДЕКЛАРАЦИЈАТА НА ОФ НА БУГАРИЈА ЗА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ОД ДЕКЕМВРИ 1943 ГОДИНА

Второто заседание на АВНОЈ одржано во Јајце на 29.11.1943 година, всушност, ги санкционираќе и ги потврди начелата за рамноправност на југословенските народи, дадени уште од почеток на ослободителната војна и револуцијата од 1941 година. На Второто заседание на АВНОЈ е донесен акт со којшто на македонскиот народ му е признато правото на самоопределување до отцепување, врз основа на потполна рамноправност со другите народи на Југославија. „Ова свое право македонскиот народ ниту го доби на подарок ниту е резултат на некакви комбинации на фашистичката политичка игра со малите народи. Фактички, врз својот грб, македонскиот народ искуси различни 'ослободувања' што наизменично му ги донесуваа империјалистите од соседните балкански држави, па и ова последното, што му го донесе Бугарија како слугинка на германскиот фашизам. Тој го зеде оружјето во свои раце и со своето учество во антифашистичката војна со народите на Југославија, Албанија и Грција доби свое рамноправно место во јужнословенската федеративна државна заедница“.[1] Овие мисли ќе ги искаже Моша Пијаде во еден свој напис во списанието „Слободна Југославија“ што излегуваше на слободната територија во 1944 година.

Решенијата на Второто заседание на АВНОЈ, всушност, предизвикаа голем интерес и во Отечествениот фронт на Бугарија, па и во самата БРП. Бугарската работничка партија го напушти Фронтот и почна да се колеба во своето дотогашно становиште во врска со Македонија. Кои биле причините за таквиот пресврт, до крај не ми се познати. Но, секако, најзначајно место имало Второто заседание на АВНОЈ на кое македонското прашање не било решено според замислите на БРП. Затоа и Отечествениот фронт подготвил своја декларација во врска со начинот на решавање на македонското прашање. Треба да се има предвид и фактот дека решенијата на АВНОЈ од 29.11.1943 година биле грубо коментирани и од страна на Сталин, иако советската влада, само две недели откако во Москва се слушнало за решенијата на АВНОЈ, зазела сосема спротивен став од оној што се содржел во реакцијата на Сталин дека Тито претходно го нема известено за намерата да одржи заседание. Во договор со британската влада, Владата на Советскиот Сојуз, на 14 декември 1943 година, објавила соопштение во кое решенијата на Второто заседание АВНОЈ ги сметала како позитивни факти.[2]

---

[1] Сп. „Нова Југославија“, бр. 6, од 15 мај 1944, 14.

[2] Слободан Нешовиќ, Југословенско-бугарските односи во неодамнешното минато, Скопје 1973, 186-187; Види: Владимир Дедиер, „Тито“, Београд 1953, 385.

Членовите на раководството на БРП, што во тоа време се наоѓале во Москва, не го прилагодиле својот однос кон решенијата на АВНОЈ, односно кон решенијата за македонското национално прашање и презеле неразбирливи политички потези. Од Димитар Влахов и Владимир Поптомов, коишто на Второто заседание на АВНОЈ се избрани во неговото Претседателство како претставници на Федерална Македонија, БРП побарала да поднесат оставки на своите функции. Кога Влахов и Поптомов одбиле да го сторат тоа, Васил Коларов и Георги Дамјанов-Белов им се закaниле со исклучување од Работничката партија. Но, во 1944 година, под голем притисок, Поптомов сепак се согласил со барањето на ЦК БРП и се откажал од своето учество во Президиумот на АВНОЈ.[3]

На сличен начин како и БРП, во врска со решенијата на АВНОЈ, реагирало и раководството на Отечествениот фронт на Бугарија. И наместо да ги поздрави авнојските решенија, во текот на декември 1943 година Отечествениот фронт издал своја декларација,[4] како пандан на решенијата на АВНОЈ

---

[3] С. Нешовиќ, цит. труд, 187.

[4] Историски архив КПЈ том 7, док. 95, Скопје 1951, 286-287; според тврдењето на некои историчари во Бугарија, Декларацијата на Отечествениот фронт на Бугарија била издадена во август 1943 година. Но како што можев да констатирам при своите истражувања во Централниот партиски архив (ЦПА) во Софија, иако нецелосно, извесни нејзини делови биле објавени во Бюлетин N. 1 од ноември 1943, под наслов „Македонския въпрос", каде ја исфрла паролата на Отечествениот фронт „Македонија на Македонците", а понатаму „Единствено спасително решение наоѓаме, во целосна слободна и независна Македонија. Само така таа ќе престане да биде јаболко на раздорот, а ќе се преобрне во здрава алка на обединување меѓу балканските народи". Во продолжението текстот, каде што се зборува за автономија на Македонија, е прешкртан, а наместо Автономија, од страна се додадени зборовите во ракопис „слободата и независноста" (ЦПА, ф. 65, оп.1, а.е. 34/ноември 1943 год.). Во истата папка се чува уште еден документ во ракопис под наслов „Отечествениот фронт за Македонија". На цели шест страници е даден текст кој многу се разликува од текстот објавен во веќе цитираниот весник „Бюлетин" бр. 1, кој започнува со „Македонија е јаболко на раздорот..." На четврта страница, кај вториот пасус, стои: „О.Ф. ја дава паролата за настраданото македонско население и го вклучува во својата програма. О.Ф. ја поткрепува борбата на македонскиот народ за самоопределување и неговото право да си создаде свое сопствено решение на самостојно државно постоење. (Потцртаното во оригиналот е пречкртано со молив, а на негово место се впишани зборовите „...за рамноправност на Балканот" – б.м.). Само така Македонија од јаболко на раздорот ќе се претвори во здраво обединувачко ѕвоно меѓу балканските народи. Бугарскиот народ, макар и во продолжение живеел со убедување дека Македонија е бугарска земја, макар и да дал стотици илјади жртви за ослободувањето на Македонија и нејзиното присоединување кон Бугарија, при создадената веќе положба, кога после толку крвави борби и колосални човечки жртви, самото македонско население наоѓа излез во своето осамостојување, исто така ја прегрнува идејата за создавање слободна и независна Македонија со правото македонскиот народ сам да си ја определи формата за своето национално постоење. Силите на демократијата и Советскиот Сојуз ќе бидат гаранти за постоењето, слободата и независноста на Македонија, а исто така и самиот бугарски народ, доколку ќе успејат да постават на чело раководство кое реално ќе го претставува народот и на кои им се туѓи секаков вид империјалистички аспирации, кои искрено ќе ги застапуваат принципите за

и на решавањето на македонското национално прашање. Во својата декларација, всушност, Отечествениот фронт нудел свои решенија. Оваа декларација во Македонија пристигнала некаде кон крајот на декември 1943 година и неа, како претставник на ЦК КПМ, ја примил Кузман Јосифовски – Питу, кој во тоа време се наоѓал во Скопје. Споредувајќи ги содржините на Декларацијата на Отечествениот фронт со решенијата на АВНОЈ, Кузман го изнел своето мислење пред ЦК на КПМ: „Документо далеку заостанува от документите на В.Ш. на Н.О.В. на Ј., А.В.Н.О.Ј и II скупштина – на сите нејзини решенија по разрешувајнето на националното прашајне во светлоста на народноослободителната борба, кој се јасни, сажети, принципиелни и реални, со што е видна нивната прогресивност, чврстината на Нар(одно) ослоб(одителниот) фронт и утицајот на организаторската и раководителната (улога) на нашата ком(унистичка) партија. Со вопросниот документ не е таков случај.

Нејаснотата е во двосмисленоста на сиот документ и многу места се дури реакциони.

1. Во целиот документ се збор(у)а за Македонија, нигде не се спомнува или признава макед(онски) народ ами само население.

2. Како да македонски дејци немало во меѓусебните истребленија пред а нарочно после 1903.

3. Подвлекувањето да Македонија била ’лулка на болгарското возраждање‘, како да је то некоја резерва за големо-болгарите, оти то истото го подвлекуваат српските хегемонисти и наш Југ, Царско Скопље, колевка итн.

4. Како да балканските војни и светската 1914-1918 г. се воделе за ослободувањето на Макед(онија), а не за поробувањето!

5. Издигнат лозунгот за самоопределувањето на балканските народи, а неподвлечено самоопределувањето на македонскиот народ, ами само самоопределувањето на Македонија..., а по таму – ниту пак целосно приобштавање км кајато и да е балканска држава. Што значи, фактички не признавање (на) самоопределението, а бидејќи сега се рајга и вејке изградува една напредна братска заедница, нова федеративна, демократска Југославија како предуслов на Јужнословенскиот сојуз и Балканска Федерација, како на некого од Отеч(ествениот) фронт то да не му се бендисуват!

6. Не канењето на болг(арските) окуп(аторски) војски, полиција и власт да е напушта Македонија, исто документо го окарактерисува како двосмислен и нерешителен и у многу реакционен.

7. Документот издаден после московската конференција и Техеран, каде јасно и гласно се загарантира слободата, независноста, самоопределението на малите народи и немешањето во нивните внатрешни работи (да не го и спомињаме пакто Сов(јетско) Чешки) се спомиња како гаранција за стопанска, политичка и културна слобода на народите Атланската карта.

---

слобода, независност и самоопределување на балканските народи.“ А на крај е додадена паролата: „Да живее слободата и самоопределувањето на Македонија“, па истиот текст со молив е пречкртан и е допишано „Да живее националната рамноправност на македонскиот народ“. Под текстот стои ноември 1943, а десно Отечествен фронт, потписот под е нечиток. (ЦПА, ф. 65, оп. 1, а.е. 122, 4–5).

8. Со ни дума не се спомиња ни нар(одно) ослоб(одителното) движење на нар(одите) од Југосл(авија) и нивните успеси кои ги поздрави целото јавно мнење на демократското човечество.

9. Паролата 'да живее братското споразумение на Болгарија с балканските народи' е не определена – каква Блгарија, мала или голема? Зашто не блгарски народ?

Демек, сето ова потврдува неопределеноста и неодлучноста на Отечествениот фронт по македонскиот вопрос."[5]

Декларацијата на Отечествениот фронт станала предмет на опстојни анализи на ЦК КПМ и по прогласувањето на одлуките на Второто заседание на АВНОЈ, но како што се гледа од коментарот на Кузман, некои од изнесените прашања и денес, по прогласувањето на независна и суверена Република Македонија, сè уште се актуелни.

На 13 јануари 1944 Светозар Вукмановиќ – Темпо испратил телеграма до ЦК на КПЈ со која Отечествениот фронт го информирал за содржината на декларацијата за македонското прашање. Како одговор, односно како реакција на декларацијата, Јосип Броз Тито на 24 јануари 1944 година испратил телеграма до Георги Димитров во Москва со која го известил дека „Отечествениот фронт на Бугарија издаде леток за македонското прашање. Линијата на летокот е спротивна на решенијата на АВНОЈ за федерација, а се бара обединета Македонија, која не треба да се присоедини кон никого, туку да биде самостојна. Тоа, во денешно време е германска политика, и е непријателска на народноослободителната борба."[6]

Просторот и прашањето што го разгледуваме не ни допушта да се осврнеме пошироко на ставовите на БРП во врска со македонското прашање во текот на Втората светска војна.

Становиштето на ОФ за македонското прашање, односно за одлуките на Второто заседание на АВНОЈ, а со тоа и за Манифестот на Главниот штаб, всушност, претставуваат враќање 20 години наназад, т.е. повторно активирање на македонското прашање во време кога македонскиот народ бил во полн напон на борбата за ослободување од окупаторите и другите претендентки на Македонија. Појавата на Манифестот, Второто заседание на АВНОЈ и нивните програмски, решенија, постигнатите успеси на националноослободителното движење и подготовките за свикување на првото заседание на АСНОМ – несомнено биле причините што предизвикале голема збрка и загриженост во редовите на бугарската влада. Покрај тоа, сè поголемото незадоволство и протестите на народот поради тешката положба под окупацијата, ја принудиле бугарската влада да преземе некои мерки за санација на положбата во Македонија. Затоа, од страна на бугарската влада во Македонија бил испратен министерот на правосудството Партов, со цел да

[5] Извори.. ., том I, книга трета, док. 13, 114-116.

[6] ИА КПЈ, т. VII, док. 96, 287; Треба да се има предвид дека еден од авторите на оваа декларација бил и д-р Кирил Драмалиев. Како претставник на ЦК на БКП, тој бил во раководството на Отечествениот фронт, а во еден свој напис во органот на Отечествениот фронт од октомври 1943 година јасно ја искажал тезата дека Македонците се Бугари, а Македонија – „света бугарска земја", цит. според ИА КПЈ, т. VII, 409.

изврши контрола над административниот апарат во Македонија и на лице место да реши некои актуелни прашања. Истовремено, бугарската влада започнала да сондира терен за избор на пратеници од Македонија во бугарското Големо собрание. Тоа на бугарската влада ѝ било потребно, од една страна за да им парира на подготовките за свикувањето на АСНОМ, а од друга за да покаже пред јавното мислење дека Македонија била нивна и дека со тоа било решено македонското прашање.

И пробугарските елементи – привrзаниците на Димитар Чкатров и на Димитар Ѓузелов, не седеле со скрстени раце. Тие и во таа состојба изразиле готовност да им помогнат на бугарските власти да го искористат моментот за поголеми отстапки од страна на бугарската влада во нивен интерес, притоа ветувајќи дека ќе го задушат ослободителното движење.

Групата Чкатров – Ѓузелов во декември 1943 година го растурила документот „Што требе да направи бугарска влада во Македонија“, во кој се признавала очајната положба на окупаторската власт и се давале упатства во 20 точки, со чија помош се мислело дека бугарската власт ќе може да го поврати својот авторитет. Меѓу другото, тие предлагале за борбата против партизанските единици да се создаде „народна милиција“, раководена од месни влијателни лица. Во врска со тоа во документот дословно е кажано:

„За гонење на партизаните да се создаде ’народна милиција‘ раководена од месни влијателни и чесни лица. Вооружувањето на народот е нужно во секој случај.“[7]

Во тоа тие отишле и подалеку. Бидејќи не можеле да најдат такви лица од редовите на македонскиот народ, стапиле во контакт со албанските соработници на окупаторот, за да врбуваат од нивните редови луѓе за борба против партизанските одреди. Овој документ ги потврдува сите нивни поранешни ставови и го открива нивното вистинско лице како отворени соработници на окупаторот. Во документот тие не го признаваат македонскиот народ, туку се зборува за „бугарски Македонци“ или за „Бугари од Македонија“ и се залагале за активна надворешна политика, која би довела до обединување на сите Бугари во една голема Бугарија, што требало да ја опфати цела Македонија. Како и дотогаш, и овој пат тие препорачувале, со оглед на тоа што дотогашната внатрешна политика не ги дала очекуваните резултати, да се побара спас, поради тешката економска состојба на македонскиот народ, германскиот окупатор да има еднаков третман на населението од Бугарија и Македонија при снабдувањето и да се води грижа за добра реорганизација на комесарството за снабдување и за негово пополнување со месни лица.[8]

Понапред ја спомнавме реакцијата на КПЈ кон Декларацијата на Отечествениот фронт, што на 24 јануари 1944 година Тито ја испрати до Георги Димитров. Но пред да ја испрати Тито својата телеграма до Георги Димитров, на 4 јануари 1944 година Димитров ѝ укажал на Бугарската работничка партија да внимава на политичката линија во македонското прашање и во односите со КПЈ. Тој нагласил дека „прашањето за Македонија ќе биде

[7] Док. на ИНИ, инв. бр.525.

[8] Истото; А СКМ, том II, кн. 2, 59-66.

решено зависно од тоа, како ќе заврши војната", дека сега не може да се издига лозунгот за самостојна и независна Македонија. „Антифашистичкото собрание прави голем чекор напред", пишува Димитров. „Треба да се воспостанови соработка меѓу демократска Бугарија и демократска Југославија. Да се работи на проширувањето на таа соработка и на создавањето сојуз меѓу независна Бугарија и независна Југославија. При евентуалната соработка меѓу Бугарија и Југославија, може да се реши националното прашање со посредништво на Советскиот Сојуз."[9] На 14 јануари 1944 година, Задграничното биро на БРП го разгледало прашањето за обединување на бугарскиот народ, при што ја допрело и судбината на Македонија, Тракија и Добруџа. За поопстојно решавање на тоа прашање, како што спомнавме понапред, Задграничното биро ги задолжило Владимир Поптомов и Димитар Влахов во најкус можен рок да подготват извештај на тема „македонското прашање и денешниот момент". На 26 јануари 1944 година Задграничното биро го добило извештајот во којшто биле дадени основните податоци за територијата, населението и економијата во трите дела на Македонија. Што се однесува, пак, до разрешувањето на македонското прашање, Поптомов и Влахов стоеле на становиштето дека тоа не можело да се реши врз основа на поделбата на Македонија меѓу балканските држави. Од тие причини, тие предлагале да му се даде право на самоопределување на македонскиот народ, но сепак сметале дека притоа не би требало да се оди по линија на создавање одделна самостојна македонска држава. Најдоброто решение на македонското прашање можело да се оствари, според нив, во една балканска федерација. И покрај ваквиот предлог на Владимир Поптомов и на Димитар Влахов, било заклучено дека во моментот немало услови да се создаде балканска федерација. Но останала можноста на Македонија да ѝ се даде правото на осамостојување како федерална единица во Југославија. Всушност, предлозите на Владимир Поптомов и Димитар Влахов оделе кон признавање на решенијата на Второто заседание на АВНОЈ.[10]

Пролетта 1944 година КПЈ вршела притисок на Георги Димитров и на Задграничното биро на БКП во Москва. Во оваа преписка главно се истакнуваат заслугите на КПЈ за партизанското движење во Македонија. Особено е карактеристично писмото од 1 април 1944 година, каде што Тито особено ги нагласил активностите на делегатот на ЦК КПЈ и на Врховниот штаб кои успеале да организираат партизански одреди и да ги координираат соработката и активностите на албанските, грчките, југословенските и бугарските партизани.[11] Во континуираниот притисок над Георги Димитров, Тито во Москва го испратил Милован Ѓилас да склучи договор за бугарско-југословенските партизански операции. Всушност, Ѓилас добил задача, според Палешутски, да ги придобие Димитар Влахов и Владимир Поптомов за линијата на КПЈ, како избрани членови на Президиумот на АВНОЈ. Овој проблем стигнал и до Сталин и Молотов, кои побарале одговор од Димитров за

---

[9] Цитирано според Костадин Палешутски, Югославската комунистическа партия и македонският въпрос 1919–1945, София, 1985, 313–314.

[10] Истото, 314.

[11] Истото, 314.

разговорите што биле водени и за меѓусебните обвинувања. Како што се гледа, во овој период имало богата кореспонденција меѓу Тито и Георги Димитров и во неа главно се третира македонското прашање. Тие се согласиле околу едно нешто – дека светската ситуација во моментот не била поволна да се прават територијални спорови меѓу двете држави. Најпогодната форма за Балканот, но и за Советскиот Сојуз, според Георги Димитров, била „создавање на рамноправни начела на федерација на Јужните Словени, составена од Бугари, Срби, Хрвати, Словенци, Црногорци и Македонци“.[12] Во една таква федерација Македонија би можела да добие национална слобода и државност. Но, воедно, Димитров се залагал јавно да не се истакнуваат вакките пароли и дека не е време за решавање на ова прашање.[13]

Некаде во истото време Јосип Смодлака, претставник на НКОЈ во Бари (Јужна Италија) од крајот на декември 1943 година, кој во тој период беше задолжен и за контакти со претставниците на печатот на западните сојузници како и за радиопропаганда во полза на Југославија, на 8 април 1944 година му дал изјава на американскиот новинар Сулцбергер во која говорел за потребата да се формира балканска федерација, а кон тоа првиот чекор би бил сојуз помеѓу Југославија и Бугарија, во кој подоцна би се приклучила и Албанија. Интервјуто било објавено на 11 април 1944 година во дневниот весник „Њујорк тајмс“. Со оглед на тоа дека Тито не бил информиран за оваа постапка, тој на Јосип Смодлака му испратил писмо на 14 април во кое, меѓу другото, вели: „По повод Вашата изјава за балканска федерација, ние тука сметаме дека уште не е време и нема потреба да излеземе од рамките на Југославија, значи, немало потреба да се зборува за тоа дека тежнееме бугарскиот и другите балкански народи да влезат во федерација. Секако дека такви тежненија постојат меѓу сите наши народи, но сепак во овој момент не е целисходно да ги истакнуваме затоа што некои од сојузниците од тоа се плашат и би можеле да сфатат дека тоа се работи под влијание на Советскиот Сојуз.“[14] Слични ставови и интервенции во поглед на правото на македонскиот народ да конституира сопствена држава и таа да влезе во југословенската федерација се јавиле и пред одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, а и потоа, но тоа произлегувало од долгорочната политика на Бугарија спрема Македонија. Во тој поглед најдобар пример се неуспешните преговори водени есента и зимата 1944/1945 година за создавање југословенско-бугарска федерација.

---

[12] Цитирано според Костадин Палешутски, цитиран труд, 316.

[13] Види, преписката Корнеев–Тито од 19 април 1944 и порано, а оваа дата провери ја со писмото од Д. Мануилски до Г. Димитров и писмото од 22 април 1944 година од Димитар Влахов.

[14] Односи Југославије и Русије (СССР) 1941-1945, документи и материјали, Београд 1996, док. 302 и фуснота 681.

Mile MIHAJLOV

# LA DECLARATION DU FRONT PATRIOTIQUE DE BULGARIE SUR LA QUESTION MACEDONIENNE DU MOIS DE DECEMBRE 1943

(R é s u m é)

La Deuxième session du Coseil antifasciste de libération nationale de Yougoslavie (AVNOJ), tenue à la fin du mois de novembre 1943 et ses décisions avaient suscité un grand intérêt des puissances de la coalition antifasciste, notamment de la Grande Bretagne et de l'Union Soviétique. Les décisions de l'AVNOJ avaient également suscité l'intérêt du Front patriotique de Bulgarie (OFB) dont les dirigeants étaient, pour la plupart, membres du Parti ouvrier bulgare, qui avaient immédiatement réagi et avaient proposé leurs solutions de la question macédonienne. Le document édité par l'OFB porte le titre: Déclaration sur la question macédonienne; on y demande la création d'une Macédoine intégrale, libre et indépendante, dont le peuple pourrait, à l'avenir, être uni aux autres peuples balkaniques, c'est à dire, dans une Fédération balkanique. Ce document a été sévérement critiqué par les dirigeants politiques et militaires en Macédoine et en Yougoslavie. Toute la correspondance entre les corps politiques et militaires précités est justement le sujet et le contenu de cet ouvrage.